РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

| Примено: | 29.07.2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 959/1 | | |

До:
**Општина Валандово**
Ул. Иво Лола Рибар бр. 3
2460, Валандово

Службени лица, одговорни за информации од јавен карактер:

**Соња Христова-Јовановиќ**
**Владимир Лазов**

Маил:
**shristova@t.mk**
**vlatko.lazov@live.com**

**БАРАЊЕ**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted]
Адреса: [redacted]
Email: [redacted]

**Лице за контакт:** [redacted]
Тел.број [redacted]

Почитувани,

[redacted] спроведува анализа на мерките и политиките за поддршка на семејствата и грижата за деца на локално ниво. Целта на анализата е да ги увиди постоечките мерки од општините и постоечките капацитети за згрижување на деца и да даде добри примери и препораки како општините можат да ги унапредат локалните политики во однос на поддршка на семејствата и економското вклучување на жените на пазарот на трудот.

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Дали општината обезбедува еднократна парична помош за новороденче? Доколку да, која е висината на тој износ?
2. Дали општината обезбедува еднократна парична помош за второ дете? Доколку да, која е висината на тој износ?
3. Дали општината обезбедува еднократна парична помош за трето дете? Доколку да, која е висината на тој износ?
4. Кој е вкупниот број на градинки и клонови на градинките во општината и колкав е капацитетот за згрижување на деца според возраст?
5. Колку вкупно деца се згрижени во градинките разделени според возраст?
6. Колкав е месечниот надоместок за згрижување во градинка?
7. Дали одредени категории родители/старатели се ослободени од плаќање месечен надоместок во градинка? Доколку да, кои категории?
8. Дали општината обезбедува хигиенски материјали (влажни марамчиња, брисачи итн.) за потребите на градинките?

9. Дали општината обезбедува хигиенски материјали (влажни марамчиња, брисачи итн.) за потребите на основните училишта?
10. Дали во основните училишта во општината се задолжителни училишните униформи за учениците? Доколку да, дали општината плаќа/ги обезбедува училишните униформи во основните училишта?
11. Дали општината предвидува финансиска поддршка за одредени категории семејства кои се во социјален ризик (семејства со повеќе од 2 деца, самохрани родители, семејства со минимален приход, семејства кои користат социјална помош итн.)? Доколку да, колку изнесува финансиската поддршка и за кои групи на семејства?
12. Дали општината предвидува одредени финансиски субвенции за грижа на деца за родителите/старателите кои не можат да ги вклучат своите деца во државна градинка во случаи кога нема место во градинката? Доколку да, кој е износот на финансиските субвенции?
13. Дали општината предвидува некаква финансиска поддршка за родителите/старателите на деца со попреченост? Доколку да, каков тип на финансиска поддршка е предвидена и колкав е износот?
14. Дали општината предвидува некакви мерки за поддршка на родителите/старателите на деца со попреченост? Доколку да, каков тип на мерка е предвидена и за која возраст на детето?
15. Дали општината предвидува мерки за економско јакнење на жени и нивно вклучување на пазарот на трудот? Доколку да, за кои категории на жени и каков тип на мерки се предвидени?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија

**г) електронски запис**

- д) друго ___________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс

**г) е-маил**

- д) друго ___________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во [redacted] 16.07. 2025 година**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 10-959/2
30.07.2025 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

Градоначалникот на Општина Валандово, постапувајќи по барањето за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од [redacted] заведено под број 10-959/1 од 29.07.2025 година, врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр. 101/19), член 50 став 1 точка 11 и член 63 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024), член 36 став 1 алинеја 5 и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, донесе

## РЕШЕНИЕ

### за усвојување на Барање за пристап до информации од јавен карактер

1. **СЕ УСВОЈУВА** Барањето за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од [redacted] заведено под број 10-959/1 од 29.07.2025 година.

2. Информацијата од јавен карактер која се бара, Општина Валандово како имател, ќе ја даде преку овластеното службено лице за посредување при остварувањето на правото на слободен пристап до информации, во законски утврдениот рок и во бараната форма, освен ако информацијата веќе постои во однапред пропишана форма и е достапна на јавноста.

## Образложение

Постапувајќи по барањето, Градоначалникот на Општина Валандово, во согласност со одредбата од член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, утврди дека Општина Валандово е имател на информацијата од јавен карактер која се бара, па одлучи како во диспозитивот на Решението.

Поради причини од член 21 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барателот може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена.

Градоначалник
на Општина Валандово
Перо Костадинов
[redacted]

Изработил: Донка Петковска [redacted]
Контролирал: Стефан Димитров [redacted]
Одобрил: Владимир Лазов [redacted]

ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Ул.„Иво Лола Рибар" 66, 2460 Валандово
Тел. +389 (0)34/382-044
www.valandovo.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 10-959/3
30.07. 2025 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

**До**

[redacted]

**Предмет:** Одговор на Барање согласно ЗСПИЈК

Почитувани,

Во врска со Ваше барање согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер поднесено на 17.07.2025 година заведено под архивски број 10-959/1 од Општина Валандово, Ви ги доставуваме следните податоци:

1. Да, во висина од 5.000 денари за секое новороденче;
2. Да, во висина од 5.000 денари за секое новороденче, без разлика кое по ред;
3. Да, во висина од 5.000 денари за секое новороденче, без разлика кое по ред;
4. Во општина Валандово работи една централна градинка ДГ „Калинка" Валандово со четири клонови. Капацитетот на централнта градинка во Валандово е 180 деца + простории за 75 деца за вонредни услови, клонот во Пирава има капацитет од 30 деца, клонот „Детелинка" во Јосифово има капацитет од 70 деца, клонот во Удово има капацитет од 40 деца и клонот во Брајковци има капацитет од 50 деца;
5. Во текот на 2024/2025 година во ДГ „Калинка" Валандово биле запишани вкупно 229 деца, од кои, 133 во Валандово, 30 во Јосифово, 18 во Пирава, 21 во Удово и 27 во Брајковци.
   Во уписниот период за 2025/2026 година, до месец јули, вкупно се запишани 184 деца, со напонеа дека секогаш бројот на запишани деца расте дополнително во месеците август и септември.
   Во централната градинка во Валандово моментално има 35 деца во две хомогени групи 2-3 год., 20 деца во хомогена група 3-4 год., 23 деца во хомогена група 4-5 год. и 38 деца во две хомогени групи 5-6 години. Во клонот „Детелинка" Јосифово има 13 деца во хетерогена група 2-6 год., во клонот во Пирава има 18 деца во хетерогена група 2-6 години, во клонот во Удово има 10 деца во хетерогена група и во клонот во Брајковци има 27 деца во две хетерогени групи 2-6 години;
6. Почнувајќи од 01.02.2023 година, месечниот надоместок за згрижување во детските градинки на територијата на општина Валандово е 0 денари т.е. бесплатен;
7. Сите категории на родители/старатели се ослободени од плаќање месечен надоместок во градинка;

8. Не;
9. Не;
10. Не;
11. Да, секое лице кое ги исполнува условите од Правилникот за еднократна парична помош може да поднесе Барање за добивање на одредена сум на средства, и тоа:
- физички лица кои се корисници на минимална социјална помош или се во состојба на социјален ризик а имаат потреба од лекување надвор од државата до 30.000 денари;
- физички лица кои се корисници на минимална социјална помош или се во состојба на социјален ризик а кои имаат потреба од лекување во државата до 15.000 денари;
- физички лица кои се корисници на минимална социјална помош и кои не се во редовен работен однос до 10.000 денари;
12. Во детските градинки на територијата на општина Валандово има доволно капацитет за сите деца и поради тоа не се предвидени субвенции;
13. Во 2022 година Општина Валандово иплати по 20.000 денари на секое семејство со лице со попреченост кое ги исполнуваше условите за добивање на еднократна финансиска помош. Вкупно беа опфатени 56 семејства;
14. Општина Валандово континуирано учествува во проекти кои обезбедуваат услови, помош и нега на лица со попреченост, стари и изнемоштени лица, како преку изградба на инфраструктура така и преку обезбедување на лица кои се ангажираат за да помагаат на семејствата кои имаат потреба.
Општина Валандово има и двнен центар за лица со попреченост до 18 години;
15. Општина Валандово преку проекти за вклучување на невработени лица на пазарот на трудот, како Општинско-корисна работа, во своите програми секоја година вклучува жени кои потешко доаѓаат до работен ангажман и статус;

Со почит,

Општина Валандово
Службено лице за посредување
со информации од јавен карактер
Владимир Лазов
[redacted]